Република Северна Македонија
Republika e Maqedonisë së Veriut
ВЛАДА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
QEVËRIA E REPUBLIKËS SË MAQEDONISË SË VERIUT
Бр.-Nr. 57-5904/6
02.09.2026 год.-viti
Скопје-Shkup

Влада на Република Северна Македонија

Врз основа на член 27-б став 6 од Законот за угостителската дејност (,,Службен весник на Република Македонија" бр. 62/04, 89/08, 115/10, 53/11, 141/12, 164/13, 187/13, 166/14, 199/14, 129/15, 192/15, 39/16, 53/16, 71/16 и ,,Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 31/20, 16/25 и 134/26), Владата на Република Северна Македонија, на седницата, одржана на 1 септември 2026 година, донесе

РЕШЕНИЕ
за утврдување на категорија на угостителски објект

1.Со ова решение се утврдува дека угостителскиот објект Хотел АБ-РОШЕ ИНВЕСТ МАКСИМИЛИЈАН Охрид со седиште на ул. Кеј Македонија бр. 112 Охрид, ги исполнува условите за хотел од трета категорија со три (3) ѕвезди, со период на важност од три години, сметано од денот на влегувањето во сила на ова решение.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето.

3. Ова решение заедно со Извештајот за извршена категоризација на угостителскиот објект се објавуваат на веб – страницата на Владата на Република Северна Македонија.

Образложение

ДТУУ АБ-РОШЕ ИНВЕСТ МАКСИМИЛИЈАН ДООЕЛ со седиште на ул. Кеј Македонија бр. 112 Охрид, поднесе барање бр. УП1 13-105 од 23.2.2026 година, за утврдување на потребните услови на угостителскиот објект Хотел АБ-РОШЕ ИНВЕСТ МАКСИМИЛИЈАН Охрид со седиште на ул. Кеј Македонија бр 112 Охрид, за хотел од трета категорија со три (3) ѕвезди.

Комисијата за категоризација на угостителските објекти, постапувајќи по барањето изврши увид на предметниот објект при што со Извештај бр. УП1 13-105 од 24.4.2026 година констатира дека истиот ги исполнува условите за хотел од од трета категорија со три (3) ѕвезди. пропишани со Правилникот за услови за категоризација на објектите за вршење на угостителска дејност (,,Службен весник на Република Македонија'' бр. 16/06, 87/12 и 41/13).

Врз основа на член 27-б од Законот за угостителската дејност (,,Службен весник на Република Македонија'' бр. 62/04, 89/08, 115/10, 53/11, 141/12, 164/13, 187/13, 166/14, 199/14, 129/15, 192/15, 39/16, 53/16, 71/16 и ,,Службен весник на Република Северна Македонија'' бр. 31/20, 16/25 и 134/26), Владата на Република Северна Македонија на предлог на Комисијата за категоризација на угостителските објекти за сместување донесува решение за утврдување на категорија на угостителските објекти за сместување.

Согласно член 27-б од Законот за угостителската дејност, решението за утврдување на категорија на угостителскиот објкект за сместување се издава со важност од три години од денот на издавањето.

Институција Влада на Република Северна Македонија
Датум/Време 01.09.2026 21:17
Верификација Информации за верификација на автентичноста на овој документ се достапни со користење на кодот за верификација (QR-кодот), односно на линкот подолу.
https://materijali.e-vlada.mk/Home/GetDocumentReviewContentById?documentId=cc2ba897-c282-4115-b249-1f24404218f8&materialId=52d1e133-04cd-4eee-9afd-17f9591a8ac3

Овој документ е официјално потпишан со електронски печат и електронски временски жиг. Автентичноста на печатените копии од овој документ можат да бидат електронски верификувани.

ПРАВНА ПОУКА: Против ова решение може да се поведе управен спор пред надлежниот суд, во рок од 30 дена од денот на приемот на Решението.

Претседател на Владата на Република Северна Македонија

Проф. д-р Христијан Мицкоски

Digitally signed by Hristijan Mickoski
Date: 2026.09.02 11:22:09 +02:00

Подготвил: Бљерта Камбери-Таипи, 01.09.2026
Проверил: Катерина Јаневска, 01.09.2026
Контролирал: Снежана Маркова Пендовски, 01.09.2026
Согласен: Снежана Маркова Пендовски, 01.09.2026

Одобрил: Игор Јанушев,
Генерален секретар на Владата на Република Северна Македонија

Digitally signed by Igor Janushev
Date: 2026.09.02 10:52:08 +02:00

Институција	Влада на Република Северна Македонија
Датум/Време	01.09.2026 21:17
Верификација	Информации за верификација на автентичноста на овој документ се достапни со користење на кодот за верификација (QR-кодот), односно на линкот подолу. **https://materijali.e-vlada.mk/Home/GetDocumentReviewContentById?documentId=cc2ba897-c282-4115-b249-1f24404218f8&materialId=52d1e133-04cd-4eee-9afd-17f9591a8ac3**

Овој документ е официјално потпишан со електронски печат и електронски временски жиг. Автентичноста на печатените копии од овој документ можат да бидат електронски верификувани.